РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ" – ШТИП
ЕКОНОМСКИ ФАКУЛТЕТ

# ИНФОРМАТОР ЗА СТУДЕНТИ

ЗА СТУДИСКАТА 2017/2018 ГОДИНА

ШТИП, АВГУСТ 2017 ГОДИНА

НЕРАБОТНИ ДЕНОВИ ЗА 2017/2018 ГОДИНА

**За сите граѓани на РМ:**

- 01 јануари - Нова година (недела), односно 02 јануари (понеделник) неработен ден
- 07 јануари - прв ден на Божиќ (сабота)
- 17 април (понеделник) Велигден, вториот ден на Велигден според православниот календар
- 01 мај - Ден на трудот (понеделник)
- 24 мај - Св. Кирил и Методиј - Ден на сесловенските просветители (среда)
- 25 јуни (недела) – Рамазан Бајрам, првиот ден на Рамазан Бајрам односно 26 јуни (понеделник) е неработен ден
- 2 август – Ден на Републиката (среда)
- 08 септември - Ден на независноста (петок)
- 11 октомври - Ден на народното востание (среда)
- 23 октомври - Ден на Македонската револуционерна борба (понеделник)
- 08 декември - Св. Климент Охридски (петок)

**За граѓаните од православна вероисповед:**

- 06 јануари - Бадник, ден пред Божиќ (петок)
- 19 јануари - Богојавление (Водици) (четврток)
- 14 април - Велики Петок, петок пред Велигден (петок)
- 02 јуни - Духовден, петок пред Духовден (петок)
- 28 август - Успение на Пресвета Богородица (Голема Богородица) (понеделник)

**За граѓаните од католичка вероисповед:**

- 17 април – Велигден, вториот ден на Велигден (понеделник)
- 01 ноември - Празник на сите светци (среда)
- 25 декември - прв ден на Божиќ (понеделник)

**За граѓаните од муслиманска вероисповед:**

- 01 септември - Курбан Бајрам, прв ден на Курбан Бајрам (петок)

**За граѓаните - припадници на Албанската заедница во РМ:**
- 22 ноември - Ден на Албанската азбука (среда)

**За граѓаните - припадници на Турската заедница во РМ:**
- 21 декември - Ден на наставата на турски јазик (четврток)

**За граѓаните - припадници на Српската заедница во РМ:**
- 27 јануари- Свети Сава (петок)

**За граѓаните - припадници на Ромската заедница во РМ:**
- 8 април- Меѓународен ден на Ромите (сабота)

**За граѓаните - припадници на Влашката заедница во РМ:**
- 23 мај - Национален ден на Власите (вторник)

**За граѓаните - припадници на Еврејската заедница во РМ:**
- 12 октомври - Јом Кипур, првиот ден на Јом Кипур (среда)

**За граѓаните - припадници на Бошњачката заедница во РМ:**
- 28 септември - Меѓународен ден на Бошњаците (четврток)

## ИЗВОД ОД СТАТУТОТ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

### Студенти и режим на студии

Статусот студент се стекнува со запишување на Факултетот. Редовните, вонредните и студентите со кофинансирање се запишуваат под исти услови. Запишувањето на студентите во прва година се врши според условите предвидени со конкурсот за запишување.

Конкурсот го објавува Универзитетот.

Студентот чие образование го финансира државата може истата студиска година да ја повтори само еднаш. Ако во наредната академска година не го стекне правото за запишување на повисока година на студии, го губи статусот на студент чие образование го финансира државата, но има право повторно да ја запише истата година во статус на студент кој самостојно ги поднесува трошоците на студирање.

Студентите кои се: без родители, слепи, глуви, инвалиди од прва и втора група, мајки со деца до шестгодишна возраст и хоспитализирани имаат право на полагање на испити во дополнителни испитни рокови, најмалку двапати во текот на годината.

### Мирување на обврските на студентот

На студентот, по негово барање, му мируваат обврските:

- за време на бременост;
- за студент со дете до 1 (една) година старост;
- за време на болест подолга од 1 (еден) семестар;
- во случаи на мирување на работниот однос утврдени со закон и во други случаи утврдени со закон и со актите на Универзитетот, односно единицата.

### Паралелно студирање

Паралелно студирање е студирање според две одделни студиски програми. Студентот може по завршувањето на првата студиска година паралелно да се запише и на друга студиска програма, ако ги исполнил условите за запишување определени со студиската програма и со надоместување на трошоците за студирање.

Студентот по успешното завршување на првата студиска година со просечна оценка најмалку 9,00 (девет) може паралелно да студира на друга студиска програма без надоместок на трошоците за студирање.

Студентот кој успешно ги завршил обврските според двете студиски програми добива одделни дипломи за секоја од паралелните студиски програми.

## ПРЕМИН ОД ЕДНИ НА ДРУГИ СТУДИИ

### Право на преминување

Во текот на студиите, студентот може да премине од едни на други сродни студии на исто ниво внатре во рамките на единицата, на Универзитетот или од некој друг универзитет, под услови утврдени со студиската програма, со тоа што преминувањето не е можно во текот на студиската година во која студентот за прв пат ги запишал студиите.

Преминувањето на студентите се врши врз основа на решение за признавање на остварените ЕКТС кредити. ЕКТС координаторот на единицата дава мислење за признавање на ЕКТС кредити.

### Запишување вонредни студенти

Како вонредни студенти може да се запишуваат кандидати кои ги исполнуваат условите за запишување и имаат договор за вработување на неопределено време, како и кандидати кои од оправдани причини не се во можност да се запишат како редовни студенти.

Како оправдани причини се сметаат: инвалид кој не е во состојба да ја посетува наставата; потешка долготрајна болест, која оневозможува редовно следење на наставата подолго од еден семестар; родител на дете додека трае породилното отсуство.

Вонредни студенти се запишуваат според истите услови и критериуми како и редовните студенти, а се рангираат на посебна ранг- листа.

При пријавувањето за запишување како вонредни студенти, кандидатите поднесуваат договор за вработување на неопределено време или лекарско уверение.

### Повторување на испит

Студентот којшто не го положил испитот може да го повтори.

Испитот од еден наставен предмет може да се повтори најмногу 3 (три) пати, од кои четвртиот пат испитот се изведува пред комисија составена од 3 (три) члена, од наставници од исто или сродно наставно- научно подрачје.

Студентот кој и по четврти пат не успеал да го положи испитот го пријавува тој предмет и повторно го полага комисиски.

Повторување на испит не е можно во ист испитен рок, туку само во наредниот испитен рок.

**ЗАВРШУВАЊЕ НА ОБРАЗОВАНИЕТО**

Студентите од првиот циклус на студии завршуваат со положување на сите испити, исполнување на сите други студиски обврски, како и изработка на дипломски труд.

Со завршувањето на студиите, студентот стекнува соодветно стручно или академско звање или степен, како и други права во согласност со посебните прописи.

„Студирањето на единиците на Универзитетот се завршува со полагањето на сите предвидени испити со студиската програма и изработка и одбрана на дипломски труд (за студиите во траење од 4/5/6 години 240/300/360 ЕКТС), односно полагање на завршен испит (за студиите во траење од три години 180 ЕКТС).

Дипломскиот труд претставува самостојна работа на студентот од одделно подрачје од студиската програма, со која покажува дека ја владее материјата од областа во која треба да ги заврши студиите.

Завршен испит претставува самостојна презентација на избрана тема на студентот пред трочлена комисија од однапред дефинираните предмети од студиската програма.

Темата за дипломскиот труд/ завршен испит студентот ја дефинира во договор со менторот од соодветната катедра/ институт/оддел, најрано со запишувањето на последниот семестар од студиската програма.

Списокот на менторите и темите за дипломски труд/завршен испит ги верификува наставно-научниот совет на единицата на Универзитетот по предлог на соодветната катедра/институт или оддел и истите се објавуваат на веб-страницата на единицата на Универзитетот".

„Пријавата за изработка на дипломски труд и пријавата за полагање на завршен испит се поднесуваат во студентската служба на единицата во текот на последниот семестар од студиите.

Пакетот на обрасците за изработка на дипломски труд и обрасците за полагање на завршен испит се објавени на веб - страниците на соодветните факултети.

Пакетот на обрасците за изработка на дипломски труд во себе интегрира 4 поединечни документи, кои се составен дел на процедурата за дипломски труд (пријава за изработка на дипломски труд, тема за дипломски труд, потврда за позитивна оценка на писмениот дел на дипломскиот труд и пријава за јавна одбрана на дипломскиот труд).

Пакетот на обрасците за полагање на завршен испит во себе интегрира четири поединечни документи кои се составен дел на процедурата за полагање на завршен испит (пријава за полагање на завршен испит, тема на завршен испит, потврда за позитивна оценка на писмениот дел од завршниот испит, пријава за комисиско полагање на завршен испит).

Пријавата за јавна одбрана на дипломски труд/пријавата за комисиско полагање на завршен испит се поднесува до студентската служба, заедно со потврдата за позитивната оценка на писмениот дел на дипломскиот труд/писмениот дел на завршниот испит најрано по положувањето на последниот испит од соодветна студиска програма.

Поднесената пријава за јавна одбрана на дипломски труд/ пријавата за комисиско полагање на завршен испит студентската служба ја доставува до комисијата за проверка на студентското досие“

„Менторот на дипломскиот труд/завршниот испит е должен да ја следи работата на студентот при изработката на дипломскиот труд/ при приготвувањето на презентацијата на темата за завршниот испит, да му помага со совети и да го упатува во потребната литература“

„Јавната одбрана на дипломскиот труд/комисиско полагање на завршниот испит се спроведува најдоцна во рок од 30 дена од денот на потпишувањето на одлуката за формирање на комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/ комисиско полагање на завршниот испит од страна на деканот на единицата на Универзитетот“

„Јавната одбрана на дипломскиот труд се состои од усно излагање/презентација на темата и образложени заклучоци, како и одговори на прашања од комисијата во врска со презентацијата на темата и заклучоците.

Полагањето на завршниот испит се состои од презентација на избраната тема пред трочлената комисија, како и одговори на прашања од комисијата во врска со презентацијата на темата.

Доколку студентот го одбрани дипломскиот труд/положи завршниот испит, потпишаната пријава од страна на комисијата за спроведување на постапката за јавна одбрана на дипломскиот труд/ комисиско полагање на завршниот испит се доставува до студентската служба на единицата.

Во случај кога студентот нема да го одбрани дипломскиот труд/ не го положи завршниот испит, комисијата го повикува студентот на повторна одбрана на дипломскиот труд/полагање на завршниот

испит повторна одбрана на дипломскиот труд/ полагање на завршниот испит најдоцна во рок од 30 дена.

Доколку студентот не го одбрани дипломскиот труд/положи завршниот испит и во повторениот рок се пристапува кон промена на темата за дипломски труд/завршен испит.

Дипломскиот труд/завршниот испит се оценува со единствена оценка од 10 (А) до 5 (F). Оценката се донесува со мнозинство на гласови од членовите на комисијата.

Студентот при запишување на последниот семестар од студиската програма 3 +1 поднесува барање за:

- полагање на завршен испит и стекнување на диплома за тригодишно образование;
- продолжување на студиите и стекнување на диплома за четиригодишно образование, со изработка и одбрана на дипломски труд, без полагање на завршен испит и без право на добивање на диплома за тригодишно образование.

Полагање на завршен испит и стекнување на диплома за тригодишно образование и продолжување на студиите со изработка и одбрана на дипломски труд и стекнување на диплома за четиригодишно образование".

**ОПШТИ ПРАКТИЧНИ ИНФОРМАЦИИ**

**За Македонија** – Република Македонија се наоѓа во Југоисточна Европа, во центарот на Балканскиот Полуостров. Граничи со пет држави: Србија, Бугарија, Грција, Албанија и Косово. Вкупната површина на Република Македонија изнесува 25.713 km2, со водна површина од 477 km2 и земјена површина од 24.856 km2, а вкупниот број на населението е 2.114.550 жители (проц. 2009). Главен град на Република Македонија е Скопје, со вкупен број од 467.257 жители. Национална валута е денар.

**За Штип** – Штип е град во источниот дел на Република Македонија, во долината на реката Брегалница. Градот брои 47.796 жители. Тој е еден од најстарите градови во Македонија, лоциран на површина од 810 km2 и на надморска височина од 300m.

**Трошоци за живеење –** Основни трошоци за живеење за студентите се сместувањето и исхраната, кои се движат од 3.000 до 4.000 денари месечно (ако се сместени во студентски дом). Во случај на исхрана во сопствена режија, студентите имаат богат избор на ресторани и други трговски капацитети кои нудат храна, а оброк може да се најде по цени од 60 до 300 денари.

**Сместување** – На студентите им се на располагање повеќе капацитети – два студентски дома, сместување во приватниот сектор, а кога станува збор за пократок временски престој, хотелската понуда е разновидна – како по ранг така и по цени. Во студентските домови цената (со вклучена исхрана) изнесува од 3.000 до 4.000 денари месечно. Во приватниот сектор цените на легло се движат од 1.500 до 3.000 денари месечно. Цените за ноќевање во хотелите се од 1.500 до 6.000 денари.

**Здравствана заштита и осигурување од несреќи** – Студентите во Штип имаат обезбедена квалитетна здравствена заштита. За таа намена, на располагање им се клиничките одделенија ЈЗУ Клиничка болница, Здравствениот дом и Поликлиниката „Панче Караѓозов" и Регионалниот завод за јавно здравје во Штип. За студентите секоја година се организираат систематски здравствени прегледи. Сите студенти се осигурени од последица на несреќен случај преку колективно осигурување, за кое издвојуваат по 150 денари при запишувањето на студиската година.

**Студенти со посебни потреби** – Универзитетот „Гоце Делчев" се труди на сите свои студенти, вклучувајќи ги и студентите со посебни потреби, да им ги обезбеди сите погодности пропишани со Статутот на Универзитетот. Во грижата за еднаков третман на сите студенти, Универзитетот „Гоце Делчев" постави рампи во повеќе универзитетски кампуси, со што им овозможи на студентите со телесна попреченост лесен и едноставен пристап до факултетите.

**Библиотеки** – Целокупната потребна стручна литература, прирачници, списанија, студентите можат да ја најдат во Универзитетската библиотека, во чии рамки се и библиотеките во четирите универзитетски кампуси. Библиотеките располагаат со читалници опремени со компјутерска опрема, а целокупниот фонд на Универзитетската библиотека е и електронски обработен, со што е олеснет пристапот од страна на студентите.

**Е-библиотека** – Со Е-библиотеката на УГД создаден е нов мултимедијален пристап за брза, точна, и бесплатна информација за сите студентите на нашиот универзитет. Покрај сите други предности на е-библиотеката, минимизирани се и шансите за злоупотреба на авторските права, а студентите се здобиваат со право за слободен, брз и бесплатен пристап на соодветната високошколска литература за совладување на предметните содржини. Во електронска форма сите

учебници и учебни помагала, потребни за реализација на теоретската настава за предавања и за изведувањана на практичната настава за вежби, студентите имаат бесплатен пристап до е-библиотеката.

**Слободни активности** – За време на своето студирање, студентите можат активно да се вклучат во културно-забавниот и спортскиот живот, преку центрите кои се формирани со таа намена.

**Универзитетскиот спортски центар** опфаќа повеќе екипи во повеќе спортски дисциплини – кошарка, пинг-понг, мал фудбал, шах, карате, а дел од овие екипи се натпреваруваат освен во универзитетските лиги и во официјалните државни натпреварувања. Основна цел на Универзитетскиот спортски центар е развивање, унапредување, омасовување и постигнување врвни резултати во спортските активности на студентите и вработените, како и презентирање на достигнувањата во разни спортски дисциплини.

**Универзитетскиот културен центар** ги развива, унапредува и афирмира културните дејности на студентите и вработените, ги презентира достигнувањата од доменот на културата. Дејностите во рамките на Универзитетскиот културен центар можат да се организираат во посебни активности (културни, ликовни, музички, литературни, драмски, информативни и сл.) Во слободните активности, на студентите на располагање им се и сите останати содржини кои ги нуди Штип – преку театарски претстави во Народниот театар, изложби во организација на Националната установа Завод за заштита на спомениците на културата и музеј - Штип, коишто заедно со останатите капацитети за забавен живот создаваат предуслови за квалитетно исполнување на слободното време.

**Студентски портал, Е-УГД за студенти -** Универзитетот „Гоце Делчев" се етаблира како современ но стабилен, млад и модерен, универзитет кој ги следи тердовите на современите информатичко - комуникациски технологии и кој се развива и гради во духот на современото живеење, по мерка на младите, студентите. Во таа смисла создадени се Е-индекс за студенти, Е-распоред, Е-репозиториум, Е-учење, Е-пошта, Е-календар и Е-библиотека, како и многу други корисни информации за студентите со кои секојдневно ќе се среќаваат достапни на линкот

http://www.ugd.edu.mk/index.php/mk/eugd

**ОБРАЌАЊЕ НА ДЕКАНОТ ДО СТУДЕНТИТЕ**

**Драги студенти,**



Добредојдовте во новата учебна година. Од длабочината на својата душа Ве поздравувам и ви посакувам добро здравје, ведро расположение и успешна учебна година на нашиот заеднички Економски факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" во Штип.

Најискрено сметам дека имате избрано најубава наука за студирање, односно најпосакуван факултет. Затоа сакам да покажете знаење. Впрочем, тоа и Вие самите го посакувате, затоа што денес личноста со знаењето, со изградени вистински вредности, етика и култура посебно се преферира.

Сакан човек е оној кој знае и умее да сака и правилно цени. Да ја сака својата работа, т.е. знаењето, да ги сака своите пријатели, колеги и воопшто луѓето. Правилно да ги цени и користи ресурсиите, пред сé човечките, а и материјалните ресурси, конкретно на факултетот - Вашите книги, а од нив нематеријалноста, т.е. знаењето.

Денес, пред Нас е нова академска 2017/2018 година, која треба заедно да ја поминеме, па затоа уште еднаш Ви посакувам успех во во секој поглед.

На новите студенти што се одлучиле да студираат на нашиот Економски факултет при универзитетот „Гоце Делчев", им честитам и ги уверувам дека го направиле вистинскиот избор. Тоа можаат да го потврдаат студентите од повисоките студиски години на кои им посакувам успешно продолжување на студиите.

Нашиот Економски факултет претставува високообразовна институција за креирање и ширење на знаење од областа на економските, економско- деловните и организациските науки. Располага со квалитетен наставен кадар, кој со посветеност кон наставничката професија и пријатен приод кон студентите, го пренесуваат своето знаење и умеење и упатуваат на развивање на работните способности и етичките односи на студентите.

Преку следењето на позитивните светски научни трендови, се креирани наставните планови по кои ќе студирате. Впрочем, тие се резултат на настојувањата на Факултетот во максимална мерка да ги оствари современите светски и европски научни, стручни и педагошки стандарди и на студентите да им овозможи стекнување на широко и сеопфатно теоретско, а посебно практично знаење, неопходно за изнаоѓање на решенија на секојдневните предизвици во работењето.

Уважувајќи ги принципите на Болоњската декларација, сите предмети, освен странските јазици, се едносеместрални.

Организационите облици на наставата: предавања, вежби, консултации со студентите, интерактивна настава, семинарски работи, се изведуваат во согласност со Болоњската декларација. Наставните планови и програми се дефинирани по угледот на реномирани светски и европски факултети, а користени се и позитивните искуства на факултетите од нашата земја. Постојаното следење на современите научни текови и достигнувања, наставните планови и програми се модернизираат. Наставата опфаќа предавања, вежби, семинарски работи,

презентации и консултации, и се изведува во услови кои задоволуваат високи технолошки стандарди.

Со помош на студии на случај (case study) студентите се запознаваат со реалните ситуации од современото деловно опкружување, со можни проблеми, како и со начините за нивно успешно решавање.

Економскиот факултет спроведува програми кои водат кон создавање на висококообрзовни и креативни стручњаци, способни да одговорат на барањата што ги наметнува секојдневно динамичкото опкружување. 12

Во согласност со современите текови на образованието, професорите се секогаш на располагање на студентите и на нивните родители, посебно кога се работи за прашања поврзани за наставните планови и програми, како и по прашања на информации и совети битни за струката и кариерата.

Економскиот факултет во Штип оваа година ја запишува десеттата генерација студенти. Во академската 2007/2008 година започна со две акредитирани студиски програми и тоа: Меѓународна економија и Здравствен менаџмент, на кои се запишаа голем број студенти и со успех ја завршија првата студиска година и на двете насоки. Во академската 2008/2009 година покрај наведените две студиски програми се акредитира уште една студиска програма од областа на Финансискиот менаџмент. Во академската 2011/2012 година Економскиот факултет акредитира и уште три нови студиски програми: Банкарство, финансии и осигурување; Сметководство, финансии и ревизија и Менаџмент и претприемништво. Студентите, уште со запишувањето се насочуваат на една од шестте студиски насоки. Во академската 2012/2013 година Економскиот факултет доби и акредитација на студиската програма Маркетинг, со која го збогати опусот на предметни програми од областа на економијата, економските и организациските научни дисциплини.

Студиските и предметните програми се современи и компатибилни со наставните планови и програми на економските факултети од пазарните економии, и тие се во содејство со неговите активности, неговата мисија, визија и цели.

Мисијата на Економскиот факултет е низ континуиран процес на образование да едуцира високостручен кадар, кој ќе биде способен компетентно да ги решава проблеми областите на едуцирање, да им излегува во пресрет на предизвиците што современиот развој на општеството и на бизнисот ги наметнува и преку висококвалитетни

програми од бизнис и економија да предлага мерки за зајакнување на конкурентноста на претпријатијата во современото глобално стопанисување. Факултетот, исто така, ќе обезбедува други професионални услуги и истражувања за претпријатијата и државната администрација.

Својата мисија факултетот ќе ја спроведува преку студиите на: прв, втор и трет циклус на студии, со своите моментални студиски програми, преку нивно постојана ревизија и подобрување, како и креирање на нови студиски програми во согласност со барањата на времето и оваа неодминлива глобализација (акредитации).

Визијата на Факултетот ќе биде подигнување на неговиот рејтинг со реалицирање на квалитетни наставни, едукативни и научни активности преку ценети програми со високи перформансии во согласност со дејноста на

високото образование. При тоа јасно е дека визијата без активности исполнети со љубов и посветеност на нејзиното остварување е обично фантазирање.

Значи, важно е да се има визија која ќе води до остварување на поставените цели, и во тој поглед, ќе се настојува зацртаната визија сигурно да биде реализирана. Затоа Факултетот на најтранспаретен начин, континуирано ќе ги извршува поставените цели кои ќе бидат и надоградувани и дополнувани со нови идеи, иницијативи и стремежи.

Пред сé, наша основна цел цел, е, како високообразовна институција да оствaруваме завидни научноистражувачки резултати, да овозможиме ефикасно трансферирање на знаење и вештини, да обезбедиме врвни услови за работа и живот.

Лидерството, конкурентност, отвореност, цивилизациски придобивки, квалитет на животот и одговорноста се определби на нашето дејствување.

Можеби зборовите би немале крај, доколку не би завршил со изразување на убеденост дека Вие студенти во понудената научно работна и пријатна атмосфера во Нашиот факултет, со посветеност и љубов кон знаењето, науката и етичкиот живот ќе се изградите во вистински ценети личности - економисти, кои ќе придонесите за развој на работните средини, стопанството и општеството кон постигнување на високи квалитетни резултати, и потсетување на пријатните мигови во вашите мисли, поминати на овој факултет.

**Декан**
**Проф. д-р Трајко Мицески**

**Декан на Факултетот**
**Проф. д-р Трајко Мицески**
**trajko.miceski@ugd.edu.mk**

**Продекан на Факултетот**
**Доц. д-р. Љупчо Давчев**
**ljupco.davcev@ugd.edu.mk**

**Тех.секретар на Факултетот**
**Габриела Андова**
**gabriela.andova@ugd.edu.mk**

**Секретар на Факултетот**
**Игор Ефтимов**
**igor.eftimov@ugd.edu.mk**

**Визија**

Економскиот факултет при Универзитетот „Гоце Делчев" е современа високообразовна институција со тенденција да креира свој препознатлив и уникатен белег.

Визијата на Економскиот факултет е да стане центар на образованието и препознатлив синоним за квалитет од областа на економските науки во Р. Македонија и регионот на Југоисточна и Централна Европа.

Инспирацијата за нашата визија е базирана на традиционалните вредности на работење, надополнети со современи европски и светски образовни искуства и практики.

Преку континуирано усовршување и надградување на знаењето ги следиме модерните економски и финансиски текови и истите ги користиме како основа за утврдување на идниот развој.

**Мисија**

Мисијата на Економскиот факултет е да се создадат професионални кадри кои успешно ќе се снајдат на пазарот на работната сила и воедно ќе дадат значаен придонес во развојот на современото општество. Во оваа насока, постојано се трудиме преку квалитетен систем на образование со постојано унапредување и имплементација на нови методи и средства да се задоволат барањата на пазарната економија.

Економски факултет промовира и спроведува висококвалитетни програми за додипломски (I циклус) и постдипломски (II циклус) студии. Истовремено, преку научноистражувачки активности настојуваме постојано да се развиваат и градат стручни мислења, студии и експертизи. Обезбедуваме услуги за истражување и развој, организираме научни конгреси, симпозиуми, семинари, консултации итн.

Во реализацијата на нашата мисија секогаш се определуваме за четири примарни, трајни вредности:

- современ концепт на организираност;
- висок квалитет и стандарди во реализација на деловните процеси;
- содржинско поврзување со сите конституенти на националното опкружување;
- воспоставување на меѓународна соработка.

**Цели**

Стратегиската насоченост на Факултетот е кон обезбедување на квалитетно и темелно, теоретско и практично образование во областа на здравствениот менаџмент, финансискиот менаџмент и меѓународната економија.

Реализацијата на целите на Економскиот факултет се темели на:

спроведување на меѓународно признати стандарди на работење, кои обезбедуваат висок квалитет и зголемена ефикасност на реализираната настава;

воспоставување на блиска соработка помеѓу кадрите и нашите студенти преку систем на општа партиципација и следење на високи етички норми;

воведување на нови и атрактивни мултидисциплинарни студиски планови и програми, приспособени на актуелните општествени барања;

мотивирање и поттикнување на инвентивна и интерактивна настава во која се следи креативноста, индивидуалноста и тимскиот дух на нашите студенти.

**Зошто да се запишам на Економски факултет?**

Економски факултет е високообразовна институција, која будно ги следи економските случувања во светот.

Преку континуирана имплементација на современите трендови на образование добивме ефективна и ефикасна научна институција. Можеме да одговориме на барањата на студентите, да го поттикнеме нивниот креативен капацитет во задоволувањето на личните амбиции и желбата за знаење и успех.

Следејќи ги главните економски и општествени проблеми на национално ниво, сфативме дека истите можат да се ублажат или минимизираат преку специјализирање и профилирање на нови дефицитарни кадри во следниве области:

**Бизнис економија** – Потребата и неопходноста за вклучување во економските текови на капитал, добра и услуги ја наметна потребата за изучување на економијата, како важна студиска програма за совладување и профилирање на студенти од економската наука.

**Можности за вработување:** Национални и меѓународни финасиски организации кои овозможуваат: препознавање и идентификување на знаења до областа на пазарот, правото, банкарството, финансиите, осигурувањето,царинското работење, монетарниот – кредитен систем и политика, банкарските системи и кредитните односи, финансиските пазари и меѓународните институции, економскиот развој и многу други сродни научни дисциплини

**Сметководство, финансии и ревизија -** Оваа студиска програма овозможува усвојување на научните дисциплини кои го усовршуваат знаењето на подрачјето на сметководството, финансиите и ревизијата, функционирање на сметководствениот систем, сметководствените методи и техники на управување со трошоците, сметководствените методи за реализација на деловните комбинации, методите на

консолидација, сметководствените аспекти на пресметка на даноците, анализа на финансиските извештаи, евалуација на извршените деловни активности, ревизиските методи и постапки, функционирањето на интерната контрола и сл.

**Можности за вработување**: како стручни и оспособени дипломирани економисти во сите компании и друштва во кои се спроведува интерна и екстерна ревизија, вршење консалтинг услуги, подготовка и контрола на деловни планови, управување со готовинските текови и управување со друштвата во кризни ситуации, ревизорски куќи, државни ревизори и сл.

**Менаџмент и претприемништво -** Менаџмент и претприемништво активностите се инкорпорирани во бизнисот и економијата, кај стопанските и нестопанските субјекти. Во современите услови на стопанистување и се поинтензивна глобална конкуренција, компаниите се прошируваат барајќи нови можности на странските пазари. Бидејќи фирмите низ светот се глобализираат со брзо темпо, домашните компании во глобалните индустрии мора брзо да реагираат. Ваквите промени се исклучително значајни и за македонските компании. Во тој поглед се темели и потребата за студиската програма по Менаџмент и претприемништво.

**Можности за вработување**: профилацијата и попрецизно одредување на карактерот на на овие студиите се во областа на менаџментот, стратешкиот менаџмент, истражувања на пазарот, меѓународен менаџмент, проучување на човечките ресури, претприемништвото и сл.

**Финансии -** Банкарската, финансиската, економската и должничата криза, како и зголеменито степен на ризик во целокупното деловно опкружување фрлаат специфично светло врз современите финансиски текови на национално и глобално ниво. Во таа смисла се наметна потреба од согледување на длабочината на промените на односите во одделни национални економии и во меѓународните односи како и од изградување на концепции со чија примена ќе бидат регулирани финаниските текови меѓу националните ентитети и во глобални размери.

**Можности за вработување**: Кадарот кои преку едукативниот процес ќе произлезе од овој смер  ќе може слободно да биде анагажиран во банкарските институции, осигурителните компании, инвестиционите фондови, брокерските куќи, пензските фондови, финансиските пазари, акционерски друштва.

**Маркетинг менаџмент-** Во современите услови на стопанистување и се поинтензивна глобална конкуренција, компаниите се прошируваат барајќи нови можности на странските пазари. Бидејќи фирмите низ

светот се глобализираат со брзо темпо, домашните компании во глобалните индустрии мора брзо да реагираат. Ваквите промени се исклучително значајни и за македонските компании. Во тој поглед се темели и потребата за студиската програма по Маркетинг.

**Можности за вработување**: Сите стопански и нестопански организации, каде се бараат продлабочени познавања од планирање, организирање, координирање, мотивирање, контролирање и промоција на маркетинг процесите.

**Клучни предности на Економскиот факултет во однос на конкурентите:**

- **Квалитетна наставна програма:** користење на современи учебни помагала кои се дел од курикулумите на десетте најдобри светски универзитети (University of Oxford, University of Cambridge, Yale University, University College London, Massachusetts Institute of Technology и други).
- **Користење на е-библиотека:** бесплатен електронски пристап до голем фонд на книги од разни области и нивно неограничено користење.
- **Примена на современ пристап на е-учење:** постојана двонасочна комуникација помеѓу наставничкиот кадар и студентите, брз и прегледен пристап до распореди, резултати, оценки, предавања, семинарски трудови и сл.
- **Примена на програми за размена на студенти – Темпус:** стипендиран студиски престој во странство, увид во работата на меѓународните универзитети, практична работа во странски компании и дружење со колеги од други држави.
- **Канцеларија при Универзитетскиот центар за кариера и развој:** остварување на бројни семинари, обуки за комуникациски и презентациски вештини и креативно решавање на проблеми, тесна соработка со приватниот сектор (банки, трговски, производни и услужни претпријатија), јавни здравствени установи, невладини организации и др., преку кои се реализира и практичната работа на студентите.

Секојдневната пракса покажува дека врз основа на прогресивното образование започнавме процес на константен раст на квалитетот и квантитетот на нашите услуги.

Основната карактеристика на Факултетот е да реализира високообразовна дејност насочена кон реализирање на повисок квалитет на наставата и на образовниот процес, како и негово постојано осовременеување.

Уште од почетокот ја согледавме потребата од основање на дисперзирани регионални центри за образование на студенти во неколку града во Република Македонија, за што во идната академска година студентите запишани на Економскиот факултет во Штип ќе можат да следат настава и вежби, покрај во Штип, уште и во Струмица.

Посебно сакаме да ги запознаеме идните студенти дека Факултетот мошне смело влезе во реформирањето на високото образование, согласно со Болоњската декларација на ЕКТС. Наставниот план и програма се заснова на Европски систем за пренос и собирање на бодови (European Credits Transfer System – ECTS), односно т.н. кредит систем на студирање. Со ЕКТС треба да се создаде можност периодот на студирање во странство (вклучувајќи ги испитите и другите форми на евалуација) да биде признаен како ефективно еквивалентен на компарабилен период на студирање (вклучувајќи ги испитите и другите форми на евалуација) на домашната институција, и покрај можните разлики во содржините на програмите. Со ЕКТС би се овозможила мобилност на студентите во рамките на програмите Еразмус/Сократес.

ЕКТС се заснова на три основни елементи: информација (за студиските програми и достигнувањето на студентите), меѓусебен договор (помеѓу партнерските институции и студентот) и употребата на ЕКТС кредитите (за означување на обемот на работата на студентот).

Студиските програми се приспособени согласно со Болоњската декларација во траење од **4 години, односно 8 семестри со 240 кредити.**

**Како се реализира наставата (краток опис)**

Наставата се реализира по семестри зимски и летен. Зимскиот започнува од 15 септември во започнатата академска година и трае до 31 декември од тековната академска година. Испитите се едносеместрални, освен странските јазици за кои се изведува настава двосеместрално. Наставата се изведува според предметната програма и предвидените часови неделно, како и соодветниот број на часови предвидени во предметната програма за вежби, исто така, неделно. Наставата се изведува според најсовремени методи. Професорот посочува соодветна основна литература, како и список на дополнителна литература за подготвување на материјата предвидена со предметната програма. Предметниот наставник на почетокот од предавањата на студентите им го изложува силабусот, како и темите кои би можеле да им

користат на студентите при пријавување на семинарски работи. Вкупно во семестарот наставата се изведува во 15 недели. По една недела е предвидена за реализиција на колоквиумите, кои ги има вкупно два. Истите се одржуваат по одреден квантум одржани предавања, односно помината материја од предвидената материја по соодветниот предмет.

**Оценување и бодување**

Оценувањето на испитот се врши на следниов начин:

за покажано знаење валоризирано со поени под 51 се добива оценка 5;

за покажано знаење валоризирано со поени од 51 до 60 се добива оценка 6; -

за покажано знаење валоризирано со поени од 61 до 70 се добива оценка 7;

за покажано знаење валоризирано со поени од 71 до 80 се добива оценка 8;

за покажано знаење валоризирано со поени од 81 до 90 се добива оценка 9;

за покажано знаење валоризирано со поени од 91 до 100 се добива оценка 10.

Проверката на знаењата се спроведува преку спроведување на колоквиуми, кои се предвидени на број два (секој од колоквиумите носи максимум поединечно по 20 поени), редовноста и активноста на предавањата и вежбите, како и изготвувањето на семинарска работа (личен труд на студентот) се оценува со вкупно 30 поени и конечно завршниот испит носи уште 30 поени, или вкупниот број на поени по сите наведени основи изнесува 100 поени.

**Задолжителни сесии за полагање**

Редовни задолжителни сесии за полагање на испити се: јуни, септември и февруари.

**СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА**
**ФИНАНСИИ**
**ПРВ ЦИКЛУС НА ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ**

**Предметни програми, прва година - прв семестар**

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4ЕК100117 | Основи на економија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2. | 4ЕК110117 | Основи на финансии | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3. | 2FI111712 | Математика за бизнис | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-1 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-2 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 6. | | Спорт и рекреација | | | |
| | | | | | |
| **Вкупно ECTS** | | | **30** | | |

**Листа бр.1-1 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4PF111517 | Бизнис право | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2. | 4ЕК132017 | Претприемништво | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Листа бр.1-2 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4ЕК134917 | Деловно комуницирање | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2. | 4ЕК134817 | Менаџмент информациони системи | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, прва година, втор семестар**

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 4ЕК130117 | Маркетинг | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | 4ЕК104417 | Статистика за бизнис | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3 | 4ЕК120117 | Финансиско сметководство | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.2-1 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр.9 | 4 | 0+0+4 | 120 |
| | | | | | |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | 4ЕК119117 | **Практична настава*** | 2 | | |
| **Вкупно ECTS** | | | **30** | | |

*** Практична настава – задолжителна реализација за премин во следна студиска година, само за 1 циклус на студии. Се изведува 30 дена.**

**Листа бр.2-1 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК100717** | Историја на економската мисла | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК103417** | Теорија на фирми | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, втора година, трет семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК1010317** | Јавни финансии | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК130317** | Е - бизнис | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3 | **4ЕК103217** | Надворешна трговија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.3-1 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.3-2 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| **Вкупно ECTS** | | | **30** | | |

**Листа бр.3-1 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК103017** | Применета економија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК120417** | Анализа на финансиски извештаи | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Листа бр.3-2 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК104217** | Меѓународен бизнис | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК103717** | Индустриски односи | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, втора година, четврт семестар**

| Ред бр. | **Код на** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|

| | предмет | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК110517** | Финансиски пазари и институции | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК111517** | Банкарство | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3 | **4ЕК100217** | Макроекономија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.4 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр.9 | 4 | 0+0+4 | 120 |
| | | | | | |
| | 4ЕК119217 | **Практична настава*** | **2** | | |
| **Вкупно** ECTS | | | **30** | | |

*** Практична настава – задолжителна реализација за премин во следна студиска година, само за 1 циклус на студии. Се изведува 30 дена.**

**Листа бр.4 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК101617** | Економија на јавен сектор | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК131217** | Менаџмент | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, трета година, петти семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК111317** | Финансиски менаџмент | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК111617** | Банкарски менаџмент | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3 | **4ЕК1010417** | Монетарна економија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.5-1 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.5-2 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| **Вкупно** | | | **30** | | |

**Листа бр.5-1 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК112517** | Е - банкарство | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК131017** | Маркетинг политика на цени | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Листа бр.5-2 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК133917** | Стратегиски менаџмент | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК120717** | Сметководствени контролни системи | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, трета година, шести семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК111917** | Меѓународни финансии | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК112717** | Локални финансии | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3 | **4ЕК120217** | Управувачко сметководство | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.6 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр.9 | 4 | 0+0+4 | 120 |
| | | | | | |
| | 4ЕК119317 | **Практична настава*** | **2** | | |
| **Вкупно** | | | **30** | | |

*** Практична настава – задолжителна реализација за премин во следна студиска година, само за 1 циклус на студии. Се изведува 30 дена.**

**Листа бр.6 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК113317** | Корпоративни финансии | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК112317** | Инвестиционо банкарство | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, четврта година, седми семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК13531 7** | Инвестиционен менаџмент | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК11171 7** | Управување со ризици | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3 | **4ЕК13601 7** | Портфолио менаџмент | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.7-1 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 5 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.7-2 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| **Вкупно** | | | **30** | | |

**Листа бр.7-1 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК102517** | Економетрија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК134717** | Теорија на одлучување | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Листа бр.7-2 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК112917** | Финансиска регулација | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК101217** | Монетарна и фискална политика во ЕУ | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |

**Предметни програми, четврта година, осми семестар**

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК112217** | Осигурување | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2 | **4ЕК120317** | Ревизија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 3 | | Изборен факултетски предмет од листа бр.8 | 4 | 2+2+1 | 120 |
| | | | | | |
| 4 | | Изборен универзитетски предмет од листа бр.9 | 4 | 0+0+4 | 120 |
| 5 | **4ЕК109917** | Практична настава- интердисциплинарен проект (Методологија на истражување во економски и организациони науки) | 2 | 0+0+4 | 120 |
| 6 | | Дипломски труд | 6 | | |
| | | | | | |
| | | **Вкупно** | **30** | | |

**Листа бр.8 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

| Ред бр. | **Код на предмет** | **Предмети** | **ECTS** | **Фонд на часови** | **Вкупно часови** |
|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **4ЕК112817** | Современи финансиски тенденции | 4 | 2+2+1 | 120 |
| 2 | **4ЕК120917** | Државно сметководство и сметководство на непрофитни организации | 4 | 2+2+1 | 120 |
| 3 | * 2FI111612 | Финансиска и актуарска математика | 4 | 2+2+1 | 120 |

Листа бр.9 на изборни предмети од слободната листа на Универзитетски предмети за прв циклус на студии (се избираат 4 - четири предмети)

| Код | Листа на Универзитетски изборни предмети II, IV, VI и VIII семестар | | | |
|---|---|---|---|---|
| | ПРЕДМЕТ | Кредити | Часови | Вкупно |
| UGD100117 | Македонска литература и култура | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100217 | Македонски јазик, правопис и правоговор | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100317 | Етика | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100417 | Историја на Македонија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100517 | Авторско право | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100617 | Толеранција и решавање на конфликти | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100717 | Бизнис системи | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100817 | Туристичка индустрија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD100917 | Претприемништво и иновации | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101017 | Менаџмент на себеразвојот и однесувањето | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101117 | Бизнис економија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101217 | Хорско пеење | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101317 | Музика и уметност | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101417 | Вовед во историја на филм | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101517 | Драматургија | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101617 | Основи на цртање | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101717 | Историја на класично сликарство | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101817 | Промоција на здравје | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD101917 | Орално здравје и хигиена | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102017 | Скапоцени и полускапоцени минерали | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102117 | Наука за земјата | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102217 | Наука за живиот свет | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102317 | Заштита на животната средина | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102417 | Интелигентни електронски компоненти и уреди | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102517 | Планирање на експеримент | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102617 | Историја на облека | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102717 | Менаџмент и контрола на квалитет | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102817 | Информатика | 4 | 0+0+4 | 120 |
| UGD102917 | Основи на програмирање | 4 | 0+0+4 | 120 |

**СТРУКТУРА НА СТУДИСКАТА ПРОГРАМА**
**БИЗНИС ЕКОНОМИЈА**
**ПРВ ЦИКЛУС НА ЧЕТИРИГОДИШНИ СТУДИИ**

**Предметни програми, прва година - прв семестар**

| Ред бр. | Код на предмет | Предмети | ECTS | Фонд на часови | Вкупно часови |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 4ЕК100 117 | Основи на економија | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 2. | 4ЕК110 117 | Основи на финансии | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 3. | 2FI1117 12 | Математика за бизнис | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 4. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-1 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| 5. | | Изборен факултетски предмет од листа бр.1-2 | 6 | 2+2+2 | 180 |
| | | | | | |
| 6. | | Спорт и рекреација | | | |
| **Вкупно ECTS** | | | **30** | | |

**Листа бр.1-1 на изборни факултетски предмети** (се избира 1 предмет)

